# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Ноември 2024
Nëntor 2024



## ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## BNJVL

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT



Почитувани,

Управниот одбор (УО) на ЗЕЛС, во ноември, во просториите на Општина Велес, ја одржа 23. седница. Беа разгледани повеќе предлог-документи значајни за работењето на ЗЕЛС за следната година, што ќе бидат презентирани и на Генералното собрание на ЗЕЛС закажано за 12 декември 2024 година. На покана од ЗЕЛС, на оваа седница присуствуваше и министерката за образование и наука Весна Јаневска, заедно со претставниците од УНИЦЕФ кои говореа за продолжувањето на активностите за изработка на планови за оптимизација на училишната мрежа во нови 23 општини. Досега вакви планови изработиле 10 општини, а во некои од нив е започната и нивна имплементација. Целта е да се обезбеди оптимално реорганизирање на ресурсите на училиштата и подобрување на квалитетот на образованието.

Присутните повторно го иницираа барањето да им се овозможи на општините да купуваат струја од ЕСМ по цена што ќе ја утврди Владата, за да не се доведат во финансиски колапс и генерирање на долгови како што се случи пред неполни две години. Присутните отворија и дискусија за преземање соодветни иницијативи за измени во Законот за земјоделско земјиште, за допрецизирање на одредбата за членови на Комисијата за распределба на земјоделското земјиште и во однос на категоријата на земјоделското земјиште што може да се издава под закуп.

На овој состанок беше изгласан и Меморандумот за соработка на ЗЕЛС со повеќе министерства за поддршка на Локалните совети за превенција (ЛСП)

Претставниците од ЗЕЛС, предводени од претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, се сретнаа со министерот за транспорт, Александар Николоски, во просториите на Заедницата. Се дискутираше за изнаоѓање решенија за надминување на реалниот застој во напорите за обезбедување на инфраструктурни објекти од јавен карактер во општините. Нагласено беше дека од особено значење за општините се измените во Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење, што беа иницирани од ЗЕЛС. Беше договорено да се формира и тим што ќе работи на предлози за измени во Законот за експропријација.

Како резултат на ветувањето на претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, дека ќе обезбеди медијација во изнаоѓањето начини за решавање на одредени предизвици со кои се соочува населението во Општина Струмица, во просториите на ЗЕЛС беше одржана средба на градоначалникот на оваа општина и министерот за земјоделство. Во текот на ноември, ЗЕЛС реализираше и други активности, за кои подетално може да прочитате во овој број на Гласило на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Bordi drejtues (BD) i BNJVL-së në nëntor e mbajti seancën e 23-të në hapësirat e Komunës së Velesit. U shqyrtuan më shumë propozim-dokumente të rëndësishme për funksionimin e BNJVL-së për vitin e ardhshëm, të cilat do të prezantohen edhe në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, të caktuar për 12 dhjetor 2024. Me ftesë të BNJVL-së, në këtë seancë mori pjesë edhe Ministrja e Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska, së bashku me përfaqësuesit e UNICEF-it, të cilët folën për vazhdimin e aktiviteteve për hartimin e planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave në 23 komuna të reja. Deri më tani, plane të këtilla kanë hartuar 10 komuna dhe në disa prej tyre ka filluar zbatimi i tyre. Qëllimi është të sigurohet riorganizimi optimal i resurseve të shkollave dhe të përmirësohet cilësia e arsimit.

Të pranishmit sërish iniciuan kërkesën që komunave t'u mundësohet blerja e energjisë elektrike nga ESM me një çmim të cilin do ta përcaktojë Qeveria, me qëllim që të mos çojnë në kolaps financiar dhe gjenerim të borxheve siç ndodhi më pak se dy vjet më parë. Të pranishmit hapën edhe diskutim për ndërmarrjen e iniciativave përkatëse për ndryshime në Ligjin për tokën bujqësore, për saktësimin e dispozitës për anëtarët e Komisionit për shpërndarjen e tokës bujqësore dhe lidhur me kategorinë e tokës bujqësore që mund të jepet me qira.

Në këtë takim u votua edhe Memorandumi për bashkëpunim i BNJVL-së me më shumë ministri për mbështetjen e Këshillave lokalë për parandalim (KLP).

Përfaqësuesit e BNJVL-së, të udhëhequr nga kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, u takuan me Ministrin e Transportit, Aleksandar Nikolloski, në hapësirat e Bashkësisë. U diskutua për gjetjen e zgjidhjeve për tejkalimin e ngecjes reale në përpjekjet për sigurimin e objekteve infrastrukturore të karakterit publik nëpër komuna. U theksua se ndryshimet në Ligjin për planifikim urbanistik dhe Ligjin për ndërtim, të cilat i inicioi BNJVL-ja, janë të një rëndësie të veçantë për komunat. Është rënë dakord që të formohet një ekip që do të punojë në propozime për ndryshime në Ligjin për shpronësim.

Si rezultat i premtimit të kryetarit të BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, se do të ndërmjetësojë në gjetjen e mënyrave për zgjidhjen e sfidave të caktuara me të cilat ballafaqohet popullata e Komunës së Strumicës, takim i kryetarit të kësaj komune dhe Ministrit të Bujqësisë u mbajt në hapësirat e BNJVL-së. Gjatë muajit nëntor, BNJVL realizoi edhe aktivitete të tjera, për të cilat më hollësisht mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033, факс: +389 (0) 2 30 61 994
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема-Мехмети
**Подготвила:**
Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Славе Чорбев
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка и печатење:** Европа 92

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033, faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. „Kopenhagenska“ nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendes drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema - Mehmeti
**Përgatiti:**
Vesna Arsovska - Dinkovska
**Përkthim:** Sllave Çorbev
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje dhe shtypje:** Evropa 92

## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА 23. СЕДНИЦА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E 23-TË NË KOMUNËN E VELESIT



Дваесет и третата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС се одржа на 12 ноември 2024 година, во административната зграда на Општина Велес. Поканата беше упатена од градоначалникот на оваа општина, Марко Колев, што е досегашна практика, седниците на ова тело да се одржуваат во различни општини. Градоначалникот Колев им посака успешна работа на своите колеги, членови на Управниот одбор на ЗЕЛС и плодна дискусија за актуелните теми утврдени во агендата. На седницата беа поканети и министерката за образование и наука, Весна Јаневска, заедно со претставничката на УНИЦЕФ во нашата земја, Лесли Милер, со кои се дискутираше за потребата од спроведување на оптимизација на училишната мрежа во основното образование, во насока на подобрување на квалитетот на образовниот процес. На седницата беа разгледани и повеќе предлог-документи значајни за работењето на ЗЕЛС за следната година, што ќе бидат изнесени за усвојување на следната седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. Членовите на Управниот одбор се договорија тоа да се одржи на 12 декември 2024 година, во 12:00 ч. во хотелот „Александар Палас" во Скопје.

### Во 10 општини се изработени планови за оптимизација на училишната мрежа во основното образование, следуваат активности во уште 23 нови општини

Анализите на УНИЦЕФ во нашата земја покажаа дека квалитетот на образованието во РСМ не е на задоволително ниво, односно дека нашите деца одат на училиште 11 години, од кои 3,7 години им се залудно потрошени, бидејќи нивните образовни резултати по 11 години поминати во училишната клупа, во просек се еднакви на 7,3 години учење. Ваквата состојба е резултат на многу утврдени параметри и бара сериозни промени во програмскиот дел, но и во делот на обезбедување соодветни услови за спроведување на наставата. Во таа насока, во изминатиот период, со поддршка на УНИЦЕФ, со средства од Светската банка, во нашата земја, во 10 општини беа изработени планови за оптимизација на училишната мрежа во основното образование. На барање на Министерството за образование и наука, во следниот период поддршка во јакнење на капацитетите на општината и изработка на овој документ ќе добијат уште 23 општини. Има многу училишта каде што бројот на децата е минимален

Seanca e njëzet e tretë e Bordit drejtues të BNJVL-së u mbajt më 12 nëntor 2024, në ndërtesën administrative të Komunës së Velesit. Ftesën e ka dërguar kryetari i kësaj komune, Marko Kolev, që është praktikë e deritanishme që seancat e këtij trupi të mbahen në komuna të ndryshme. Kryetari Kolev u dëshiroi kolegëve të tij, anëtarë të Bordit drejtues të BNJVL-së, punë të suksesshme dhe diskutim të frytshëm për temat aktuale të përcaktuara në agjendë. Në seancë u ftuan Ministrja e Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska, së bashku me përfaqësuesen e UNICEF-it në vendin tonë, Lesli Miler, me të cilat u diskutua për nevojën e realizimit të optimizimit të rrjetit të shkollave në arsimin fillor, me qëllim të përmirësimit të cilësisë së procesit arsimor. Në seancë u shqyrtuan disa propozim-dokumente të rëndësishme për funksionimin e BNJVL-së për vitin e ardhshëm, të cilat do të prezantohen për miratim në seancën e ardhshme të Kuvendit Gjeneral të BNJVL-së. Anëtarët e Bordit drejtues u ranë dakord që ai të mbahet më 12 dhjetor 2024, në orën 12.00 në hotelin "Aleksandar Palas" në Shkup.

### Në 10 komuna u përpiluan plane për optimizimin e rrjetit shkollor në arsimin fillor, vijojnë aktivitete edhe në 23 komuna të tjera

Analizat e UNICEF-it në vendin tonë treguan se cilësia e arsimit në RMV-në nuk është në nivelin e kënaqshëm, përkatësisht se fëmijët tanë shkojnë në shkollë për 11 vjet, nga të cilat 3.7 vite konsiderohen si të humbura për kot, sepse rezultatet e tyre arsimore pas 11 viteve të kaluara në bankat shkollore, mesatarisht janë të barabarta me 7.3 vite mësim. Gjendja e këtillë është rezultat i shumë parametrave të përcaktuar dhe kërkon ndryshime serioze në pjesën programore, por edhe në pjesën e sigurimit të kushteve adekuate për zbatimin e mësimit. Në këtë drejtim, në periudhën e kaluar me mbështetjen e UNICEF-it, me mjete të Bankës Botërore, në vendin tonë në 10 komuna u përpiluan plane për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor. Me kërkesë të Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës, në periudhën e ardhshme mbështetje në forcimin e kapaciteteve të komunës dhe përgatitjen e këtij dokumenti do të marrin edhe 23 komuna të tjera. Ka shumë shkolla ku numri i fëmijëve është minimal dhe është gjithsej 3, 5, 7 fëmijë, veçanërisht në

и изнесува вкупно 3, 5, 7 деца, (особено во руралните средини), но има и училишта каде што бројот на децата во една паралелка далеку го надминува законскиот минимум. Има училишта во кои наставата се одвива во повеќе смени, но и училишта со празни училници поради намалениот наталитет и заминувањето на бројни семејства надвор од земјата. Анализите покажаа дека најмногу средства од блок дотациите одат за плата на наставниците, а дека соодносот на наставник-ученик е зголемен во полза на наставниците, односно утврден е вишок од околу 5 000 наставници. Во таа насока, од приоритетно значење е секоја општина да изготви план за оптимизација на училишната мрежа во основното образование, но и на наставниот кадар.

Ова беше дел од обраќањето на министерката за образование и наука Весна Јаневска пред членовите на УО на ЗЕЛС, на 23. седница на ова тело. Притоа, Јаневска посочи дека МОН ќе се погрижи за спроведување на процесот на ангажирање на вишокот наставен кадар со прераспределба во институциите на МОН и во други организации, а од општините побара да направат соодветна оптимизација на училишната мрежа со цел децата да добијат еднакво квалитетни услови за одвивање на наставата. Исто така, Јаневска апелираше до градоначалниците да ја искористат можноста од вториот јавен повик, што Владата на РСМ ќе го упати некаде во февруари, за грантови за инфраструктурни проекти на општините приоритет да им дадат на проектите за инфраструктурни зафати во училишта. Таа посочи дека МОН е свесно дека во процесот на оптимизација, освен доградба или пренамена на училишните објекти и распределба на наставниот кадар, важна компонента е обезбедувањето квалитетен транспорт на учениците.

Пред присутните се обрати и Лесли Милер, претставничка од УНИЦЕФ во нашата земја, која посочи дека според добиените анализи што ги направиле, неопходно е да се обезбедат еднакви услови за образование на секое дете, целосна социјализација во компетитивна средина, сè во насока на подобрување на образовните резултати на децата. Тоа подразбира реформи, оптимизација на училишната мрежа, но и повеќе финансиски средства за оваа област. Милер нагласи дека УНИЦЕФ е ангажиран и околу утврдувањето на соодветни модели за обезбедување оптимални услови за транспорт на децата, што ќе зависат од географските и другите услови во општината. Всушност, УНИЦЕФ пред две години понуди и предлог на нова методологија за распределба на средствата од блок дотациите за основно образование, која се заснова на претходна пресметка на низа трошоци по глава на ученик. Таа покажа дека досегашното финансирање на општините за оваа намена не е соодветно, но според одговорот на министерката за образование и наука, буџетот на државата сè уште не дозволува нејзина реална примена. Министерката нагласи дека забележаниот недостаток на средства во блок дотациите од минатата година, во висина од околу 900 милиони денари, веќе е вкалкулиран во Предлог-буџетот за оваа намена за следната година и дека се надева дека општините ќе обезбедат заштеда на значителни финансиски средства по спроведувањето на плановите за оптимизација на училишната мрежа. Од страна на ЗЕЛС беа изнесени конкретни податоци за недостатокот на средства од блок дотациите за образование за секоја општина, односно за дополнителните трошоците што секоја општина ги направила од сопствени средства, дополнително на оние што ги добила со блок дотациите за оваа намена.

zonat rurale, por ka edhe shkolla ku numri i fëmijëve në një klasë e kalon shumë minimumin ligjor. Ka shkolla ku mësimi zhvillohet me disa ndërrime, por edhe shkolla me klasa të zbrazëta për shkak të uljes së natalitetit dhe largimit të familjeve të shumta jashtë vendit. Analizat treguan se pjesa më e madhe e mjeteve nga bllok-dotacionet shpenzohet për pagat e mësuesve dhe se raporti mësues-nxënës është rritur në favor të mësuesve, gjegjësisht është konstatuar një tepricë prej rreth 5000 mësuesish. Në këtë drejtim, është me rëndësi prioritare që çdo komunë të përgatisë një plan për optimizimin e rrjetit të shkollave në arsimin fillor, por dhe të kuadrove mësimore.

Kjo ishte pjesë e fjalimit të Ministres së Arsimit dhe Shkencës, Vesna Janevska, para anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së, në seancën e 23-të të këtij trupi. Në të njëjtën kohë, Janevska theksoi se MASH-i do të kujdeset për zbatimin e procesit të angazhimit të kuadrove të tepërta mësimore duke i rishpërndarë ato në institucionet e MASH-it dhe në organizata të tjera, ndërsa kërkoi nga komunat të bëjnë optimizimin adekuat të rrjetit të shkollave me qëllim që fëmijët të kenë kushte të barabarta cilësore për zhvillimin e mësimit. Gjithashtu, Janevska apeloi deri te kryetarët e komunave që të shfrytëzojnë mundësinë e thirrjes së dytë publike, të cilën Qeveria e RMV-së do ta shpallë diku në muajin shkurt për grante për projekte infrastrukturore të komunave, për t'u dhënë prioritet projekteve për punët infrastrukturore në shkolla. Ajo theksoi se Ministria e Arsimit dhe Shkencës është e vetëdijshme se në procesin e optimizimit, përveç ndërtimit shtesë apo shndërrimit të objekteve shkollore, si dhe shpërndarjes së kuadrove mësimore, një komponent i rëndësishëm është sigurimi i transportit cilësor të nxënësve.

Para të pranishmëve foli edhe Lesli Miler, përfaqësuese e UNICEF-it në vendin tonë, e cila theksoi se sipas analizave që kanë bërë, është e nevojshme të sigurohen kushte të barabarta për edukimin e çdo fëmije në vendin tonë, socializimin e tyre të plotë në një mjedis konkurrues, gjithnjë në drejtim të përmirësimit të rezultateve arsimore të fëmijëve. Ajo gjë nënkupton reforma, optimizim të rrjetit të shkollave, por edhe më shumë mjete financiare për këtë fushë. Miler theksoi se UNICEF-i është i angazhuar edhe në përcaktimin e modeleve adekuate për sigurimin e kushteve optimale për transportin e fëmijëve, të cilat do të varen nga kushtet gjeografike dhe kushtet e tjera në komunë. Në fakt, dy vite më parë UNICEF-i ofroi edhe propozimin e një metodologjie të re për shpërndarjen e mjeteve nga bllok-dotacionet për arsimin fillor, e cila bazohet në një përllogaritje paraprake të një sërë kostosh për kokë nxënësi. Ajo tregoi se financimi i deritanishëm i komunave për këtë qëllim nuk është adekuat, por sipas përgjigjes së Ministres së Arsimit dhe Shkencës, buxheti i shtetit ende nuk e lejon zbatimin e saj reale. Ministrja theksoi se mungesa e konstatuar e mjeteve në bllok-dotacionet nga viti i kaluar, në vlerë prej rreth 900 milionë denarësh, tashmë është përllogaritur në Propozim-buxhetin për këtë qëllim për vitin e ardhshëm dhe se shpreson se komunat do të sigurojnë kursim të mjeteve të konsiderueshme financiare pas zbatimit të planeve për optimizimin e rrjetit të shkollave. Nga ana e BNJVL-së u prezantuan të dhëna konkrete për mungesën e mjeteve nga bllok-dotacionet për arsim për secilën komunë, përkatësisht për shpenzimet shtesë që secila komunë i ka bërë nga mjetet e veta, përveç atyre që i ka marrë me bllok-dotacionet për këtë qëllim.

## Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ја поддржаа иницијативата на МОН за оптимизација на мрежата на училиштата за основно образование во општините и изнесоа дополнителни предлози

Членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС ја поддржаа иницијативата на МОН за оптимизација на мрежа на училиштата за основно образование во општините, при што беа изнесени и одредени предлози за оптимизација и на финансиските средства и на кадровскиот потенцијал. Градоначалникот на Општина Радовиш, Ацо Ристов, нагласи дека транспортот на децата е сериозен предизвик за општините, па изнесе неколку опции за рационализација на средствата за негово поквалитетно спроведување и за стандардизирање на оваа услуга. Тој посочи дека во претстојните мерки на реорганизација во образованието, поекономично би било доколку бесплатниот превоз на учениците се реализира од државата, како една централизирана набавка на квалитетни автобуси или спроведување на единствен тендер од МОН за да се постигне подобра цена и да се избегнат одредени некоректни ситуации кои досега се случуваа од добавувачите. Како втор предлог, градоначалникот Ристов ја наведе потребата од иницирање на законски измени за да им се овозможи на општините да спроведуваат тендерски постапки во името на сите основни училишта од општината и да може да формираат заеднички служби за сите основни училишта на територија на општината. Тоа би подразбирало училиштата да се ослободат од обврските за распишување на тендерски постапки; да имаат на располагање правници, сметководители, хаусмајстори и слично, кои ќе бидат во рамките на општината; да се врши полесен трансфер на наставниот кадар од училиште во училиште во рамките на една општина и друго. Сето тоа би довело до значително намалување на трошоците и поголема флексибилност во наставниот процес. Беше истакната и потребата за поддршка на општините во обезбедување поквалитетни ученички домови во кои би се сместувале децата, но и законски да се утврди дека доколку има таков капацитет, сместувањето да биде задолжително во нив, за да не се плаќа превоз. Исто така, беше предложено целодневниот престој да добие соодветна законска рамка, односно да се официјализира како дел од образовниот процес бидејќи децата на тој начин добиваат квалитетна поддршка во совладување на наставните програми и истовремено се згрижени додека чекаат на превозот за враќање дома. Ова ќе придонесе и во најавената претстојна рационализација на вишокот наставен кадар.

Министерката се заблагодари за конструктивните предлози и посочи дека во новите предлози за законски измени за основно образование, веќе е предвидено децата првенствено да се сместуваат во ученичките домови, при што предност да имаат оние од најдалечните населени места, за да се намали плаќањето за нивниот транспорт.

## Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së e mbështetën iniciativën e MASH-it për optimizimin e rrjetit të shkollave të arsimit fillor në komuna dhe prezantuan propozime shtesë

Anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së e mbështetën iniciativën e MASH-it për optimizimin e rrjetit të shkollave të arsimit fillor në komuna, duke prezantuar edhe propozime të caktuara në drejtim të optimizimit edhe të mjeteve financiare edhe të potencialit të kuadrove. Kryetari i Komunës së Radovishit, Aco Ristov, theksoi se transporti i fëmijëve është sfidë serioze për komunat, andaj prezantoi disa opsione për racionalizimin e mjeteve për realizimin e tij më cilësor dhe standardizimin e këtij shërbimi. Ai theksoi se në masat e ardhshme të riorganizimit në arsim, do të ishte më ekonomike nëse transporti falas i nxënësve do të zbatohej nga ana e shtetit, si një prokurim i centralizuar i autobusëve cilësorë apo zbatim i një tenderi të vetëm nga ana e MASH-it për të arritur një çmim më të mirë dhe për të shmangur situata të caktuara jo korrekte që kanë ndodhur deri më tani nga ana e furnizuesve. Si propozim i dytë, kryetari Ristov theksoi nevojën për inicimin e ndryshimeve ligjore për t'u mundësuar komunave që të zbatojnë procedura tenderuese në emër të të gjitha shkollave fillore në komunë dhe të mund të formojnë shërbime të përbashkëta për të gjitha shkollat fillore në territorin e komunës. Kjo do të nënkuptonte se shkollat duhet të lirohen nga obligimet për të shpallur procedurat tenderuese; të kenë në dispozicion juristë, kontabilistë, mjeshtër shtëpiakë e të ngjashme që do të jenë në kuadër të komunës; të bëhet transferim më i lehtë i kuadrove mësimore nga një shkollë në një shkollë tjetër në kuadër të një komune dhe të tjera. E gjithë kjo do të çonte në një ulje të konsiderueshme të kostove dhe një fleksibilitet më të madh në procesin mësimor. Gjithashtu u theksua nevoja për të mbështetur komunat në sigurimin e konvikteve më të mira të nxënësve, ku do të akomodoheshin fëmijët, por edhe të përcaktohet me ligj se nëse ka një kapacitet të tillë, akomodimi në to të jetë i detyrueshëm, me qëllim që të mos paguhet transporti për të njëjtët. Gjithashtu u propozua që qëndrimi gjithëditor të marrë një kornizë adekuate ligjore, gjegjësisht ai të zyrtarizohet si pjesë e procesit arsimor, sepse në këtë mënyrë fëmijët marrin mbështetje cilësore në të mësuarit e programeve mësimore dhe në të njëjtën kohë janë të strehuar derisa presin transportin që të kthehen në shtëpi. Kjo do të kontribuojë edhe në pjesën e racionalizimit të paralajmëruar të ardhshëm të kuadrove të tepërta mësimore.

Ministrja falënderoi për propozimet konstruktive dhe theksoi se në propozimet e reja për ndryshimet ligjore për arsimin fillor, tashmë është paraparë që fëmijët në radhë të parë të akomodohen në konviktet e nxënësve, me prioritet për ata nga vendbanimet më të largët që të zvogëlohet pagesa për transportin e tyre.





Градоначалникот на Општина Велес, Марко Колев, ја искористи можноста од присуството на министерката Јаневска да потенцира и уште еден сериозен предизвик за општините, поврзан со високата цена на електричната струја што ја плаќаат за образовните установи, другите општински претпријатија и за уличното осветлување. Тој побара поддршка од министерката во насоката на реализирање на поодамна изнесеното барање на ЗЕЛС до Владата на РСМ. Наместо општините да излегуваат на слободен пазар, струјата да ја купуваат од ЕСМ по цена што ќе ја утврди Владата. Тоа ќе овозможи и предвидливост во креирањето на општинските буџети, наместо постојаното пристапување кон ребаланс. Колев изрази сомнеж дека со секојдневното покачување на цената на струјата на слободниот пазар, општините ќе се доведат повторно во финансиски колапс и генерирање на огромни долгови, како што тоа се случи пред неполни две години. Наместо да вложуваат во поквалитетни услуги за своите граѓани, тие ќе плаќаат енормно високи сметки за струја.

**Управниот одбор ги разгледа Буџетот, Акцискиот план и Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2025 година**

Извршната директорка на ЗЕЛС, Душица Перишиќ, пред присутните членови на Управниот одбор на ЗЕЛС ги презентираше значајните документи за работење на Заедницата, за следната година. Таа посочи дека Буџетот на ЗЕЛС за 2025 година е креиран на 31 милион денари. Околу 40 % од овие средства се предвидени за одржување и безбедност на податоците од електронските системи: е-дозвола за градба; е-градежно земјиште и е-ствари, што ги одржува ЗЕЛС во името на сите општини во земјава. Во таа насока беа посочени предизвиците околу наплатата на членарината, односно дека за 2024 година околу 53 % од општините сè уште не извршиле уплата, а има и многу општини кои се повеќегодишни должнички кон ЗЕЛС, по основ на неплатена членарина. Во таа насока беше изнесен предлог, кој би бил дискутиран на Генерално собрание на ЗЕЛС, за воведување на одделна членарина кон ЗЕЛС која ќе се однесува за трошоците за електронските системи. Беше нагласено дека Акцискиот план на ЗЕЛС е креиран според стратегиските цели на ЗЕЛС, каде што основата е лобирање и застапување на единиците на локалната самоуправа за обезбедување соодветни законски услови за спроведување на општинските надлежности; потоа, одржување на електронските услуги и трето, јакнење на капацитетите на општинската администрација и меѓународна соработка. Беше нагласено дека во текот на следната година ќе се изработува и нов петгодишен Стратегиски план на ЗЕЛС, бидејќи актуелниот завршува заклучно со 2025 година. Пред присутните беше изнесен и Планот за јавни набавки за 2025 година кој беше усвоен од членовите на Управниот одбор на ЗЕЛС, а беа усвоени и измените на тековниот План за јавни набавки, во делот на создавање услови за поголема безбедност на архивата на ЗЕЛС, на клауд (облак). Буџетот на ЗЕЛС и Акцискиот план за следната година ќе бидат изнесени на дискусија и усвојување од Генералното собрание на ЗЕЛС на претстојната седница договорена да се одржи во првата половина во декември.

Присутните изнесоа различни мислења за зајакнување на мерките кон општините што не ја плаќаат редовно членарината. Претседателот на ЗЕЛС изрази воздржаност за воведување драстични мерки кон општините, изразувајќи верба дека секоја единица на локалната власт е свесна за огромното значење на ЗЕЛС за секоја општина. Притоа, тој ја искористи можноста да ги информира присутните за тековните разговори со градоначалниците на општините Карпош и Струмица, по

Kryetari i Komunës së Velesit, Marko Kolev, shfrytëzoi rastin e pranisë së ministres Janevska për të theksuar edhe një sfidë tjetër serioze për komunat, e lidhur me çmimin e lartë të energjisë elektrike që paguajnë për institucionet arsimore, ndërmarrjet e tjera komunale dhe ndriçimin e rrugëve. Ai kërkoi mbështetje nga ministrja për realizimin e kërkesës së BNJVL-së dërguar Qeverisë së RMV-së para një kohe të gjatë. Në vend që komunat të dalin në tregun e lirë, ta blejnë energjinë elektrike nga kompania ESM me çmim, të cilin do ta caktojë Qeveria. Kjo gjë do të mundësojë parashikueshmëri në krijimin e buxheteve komunale, në vend që vazhdimisht të bëhet rebalancë të buxhetit. Kolev shprehu dyshimin se me rritjen e çdoditshme të çmimit të energjisë elektrike në tregun e lirë, komunat sërish do të çohen në kolaps financiar dhe gjenerim të borxheve të mëdha, siç ndodhi më pak se dy vjet më parë. Në vend që të investojnë në shërbime më cilësore për qytetarët e tyre, ato do të paguajnë fatura jashtëzakonisht të larta të energjisë elektrike.

**Bordi drejtues shqyrtoi Buxhetin, Planin aksionar dhe Planin e furnizimeve publike të BNJVL-së për vitin 2025**

Drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, para anëtarëve të pranishëm të Bordit drejtues të BNJVL-së prezantoi dokumentet e rëndësishme për funksionimin e Bashkësisë për vitin e ardhshëm. Ajo theksoi se Buxheti i BNJVL-së për vitin 2025 është krijuar të jetë 31 milionë denarë. Rreth 40% nga këto mjete janë paraparë për mirëmbajtjen dhe sigurinë e të dhënave të sistemeve elektronike: e-leje për ndërtim; e-tokë ndërtimore dhe e-sende, të cilat i mirëmban BNJVL-ja në emër të të gjitha komunave në vend. Në atë drejtim u theksuan sfidat lidhur me arkëtimin e mjeteve të anëtarësisë, gjegjësisht se për vitin 2024 rreth 53% e komunave ende nuk e kanë kryer pagesën, ndërsa ka edhe shumë komuna që kanë borxhe me vite të tëra ndaj BNJVL-së në bazë të anëtarësisë së papaguar. Në këtë drejtim, u prezantua propozimi, i cili do të diskutohej në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, për aplikimin e një anëtarësie të veçantë ndaj BNJVL-së, e cila do të ketë të bëjë me shpenzimet për sistemet elektronike. U theksua se Plani aksionar i BNJVL-së është krijuar sipas qëllimeve strategjike të BNJVL-së, ku baza është lobimi dhe përfaqësimi i njësive të vetëqeverisjes lokale për sigurim të kushteve adekuate ligjore për zbatimin e kompetencave komunale; pastaj, mirëmbajtje të shërbimeve elektronike dhe së treti: forcimin e kapaciteteve të administratës komunale dhe bashkëpunimin ndërkombëtar. U theksua se gjatë vitit të ardhshëm do të përpilohet Plani i ri strategjik pesëvjeçar i BNJVL-së, pasi që ky aktual përfundon në vitin 2025. Para të pranishmëve u prezantua Plani i furnizimeve publike për vitin 2025 dhe i njëjti u miratua nga anëtarët e Bordit drejtues të BNJVL-së. Gjithashtu u miratuan edhe ndryshimet e Planit aktual të furnizimeve publike, në pjesën e krijimit të kushteve për siguri më të madhe të arkivit të BNJVL-së në klaud. Buxheti i BNJVL-së dhe Plani aksionar për vitin e ardhshëm do të prezantohen për diskutim dhe miratim në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së në seancën e ardhshme, e cila është dakorduar të mbahet në gjysmën e par në dhjetor.

Të pranishmit shprehën mendime të ndryshme për forcimin e masave ndaj komunave që nuk paguajnë rregullisht anëtarësinë. Kryetari i BNJVL-së shprehu përmbajturi për aplikimin e masave drastike ndaj komunave, duke shprehur besim se çdo njësi e pushtetit lokal është e vetëdijshme për rëndësinë e madhe të BNJVL-së për secilën komunë. Njëkohësisht, ai shfrytëzoi mundësinë që t'i informojë të pranishmit për bisedimet e vazhdueshme me kryetarët e komunave të Karposhit

нивните јавно изнесени изјави дека ќе излезат од ЗЕЛС. Се заблагодари за поддршката од одредени градоначалници и уште еднаш повтори дека се залага ЗЕЛС да остане институција во која не важат партиските ставови, туку се работи во интерес на општините, односно во интерес на граѓаните. Во таа насока, изрази надеж дека секој градоначалник ќе ја разбере суштината на ЗЕЛС и дека во иднина нема да се повторуваат вакви испади, но и дека секој ќе смогне сили да го исплати долгот од членарината кон ЗЕЛС. Притоа, тој најави дека како поддршка во решавањето на предизвиците што ги имаат овие две општини, по завршувањето на седницата на УО е организирана средба на градоначалникот на Општина Струмица со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во просториите на ЗЕЛС. На средбата ќе присуствува и претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски.

Претседателот на ЗЕЛС извести дека интензивно се работи на изготвување на нацрт- текст на иницијативата за изменување на Законот за локална самоуправа со кој треба да се обезбеди поголема одговорност за градоначалникот со право тој да биде отповикан. Беа повикани сите општини да дадат свои сугестии за подобрување или надополнување на пропустите што биле воочени во овој закон, во изминатите години. Исто така, присутните беа информирани дека иницијативата на ЗЕЛС за воведување на комунална полиција започнува да се реализира, така што се започнати активностите за подготовка на текстот на Законот за комунална полиција, каде е вклучена и ЗЕЛС. Притоа, беше најавено дека во следниот период ќе бидат одржани средби и со други министри за одредени прашања, а во тек се разговори со премиерот на државата, Христијан Мицкоски, за одржување заедничка средба меѓу членовите на УО и министрите од Владата на РСМ.

**Изгласан Меморандум за соработка на ЗЕЛС со повеќе министерства за поддршка на Локалните совети за превенција (ЛСП)**

На овој состанок беше изгласан и Меморандум за соработка на ЗЕЛС со повеќе министерства за поддршка на Локалните совети за превенција (ЛСП) со цел подобрување на стандардот на обезбедување јавни услуги, зголемена безбедност на граѓаните и подобрување на квалитетот на животот. ЗЕЛС како законски застапник, кој постапува во име на општините членки на ЗЕЛС, се обврзува: да создаде секретаријати на Локалните совети за превенција (ЛСП) со одлука на градоначалникот/општинскиот совет; да воведе унифицирани процедури за општините да можат да креираат ЛСП и начини за регулирање на нивната работа преку структуриран правилник или деловник за работа на ЛСП; да постави оперативни секретаријати на ЛСП кои ќе се состојат од: административни службеници од општините, од советничките групи на локалната самоуправа, претставници на жените и младите, претставници од релевантни организации од граѓанскиот сектор и претставници од верските заедници; да воведе протоколи за работа на седниците на ЛСП, делегирање на одлуките донесени од ЛСП до релевантните тела и субјекти; да дефинира механизам за следење на одлуките/заклучоците на ЛСП кој ќе резултира со извештај за преземените активности поврзани со овие одлуки/заклучоци; да земе предвид обезбедување средства од годишниот буџет на општината, кои ќе бидат наменети за функционирање на ЛСП (спроведување на дефинирани програми) и да се обезбеди паричен надоместок, не повеќе од 1 500 ден по член за назначените комисии што ќе работат на ЛСП по доставениот извештај за реализација на Локалниот совет за превенција.

dhe Strumicës pas deklaratave të tyre të shprehura publikisht se do të largohen nga BNJVL-ja. Ai falënderoi për mbështetjen e kryetarëve të caktuar të komunave dhe përsëriti edhe një herë se zotohet që BNJVL-ja të mbetet institucion ku qëndrimet partiake nuk vlejnë, por punohet në interes të komunave, përkatësisht në interes të qytetarëve. Në këtë drejtim, ai shprehu shpresën se çdo kryetar komune do ta kuptojë esencën e BNJVL-së dhe se nuk do të përsëriten mosmarrveshje të këtilla në të ardhmen, por edhe se çdokush do të përpiqet ta paguajë borxhin e anëtarësisë ndaj BNJVL-së. Njëkohësisht ai bëri të ditur se si mbështetje në zgjidhjen e sfidave që kanë këto dy komuna, pas përfundimit të seancës së Bordit drejtues, u organizua takim i kryetarit të Komunës së Strumicës me Ministrin e Bujqësisë, Pylltarisë Ekonomisë së Ujërave në hapësirat e BNJVL-së. Në takim mori pjesë edhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski. Kryetari i BNJVL-së njoftoi se po punohet në mënyrë intensive për përgatitjen e një draft-teksti të iniciativës për ndryshimin e Ligjit për vetëqeverisjen lokale me të cilin duhet të sigurohet një përgjegjësi më e madhe për kryetarin e komunës me të drejtë që ai të revokohet. U bë thirrje për të gjitha komunat të japin sugjerimet e tyre për përmirësimin apo plotësimin e mangësive që janë konstatuar në këtë ligj në vitet e kaluara. Gjithashtu, të pranishmit u njoftuan se fillon të realizohet iniciativa e BNJVL-së për aplikimin e policisë komunale, kështu që kanë filluar aktivitetet për përgatitjen e tekstit të Ligjit për policinë komunale, ku është përfshirë edhe BNJVL-ja.

Njëkohësisht, u paralajmërua se në periudhën e ardhshme do të mbahen takime edhe me ministra të tjerë për çështje të caktuara, ndërsa në rrjedhë e sipër janë bisedime me kryeministrin e vendit, Hristijan Mickoski për të mbajtur takim të përbashkët ndërmjet anëtarëve të Bordi drejtues dhe ministrave të Qeverisë së RMV-së.

**U votua Memorandumi i bashkëpunimit të BNJVL-së me më shumë ministri për përkrahjen e Këshillave lokalë për parandalim (KLP)**

Në këtë takim u votua Memorandumi i bashkëpunimit të BNJVL-së me më shumë ministri për mbështetjen e Këshillave lokalë për parandalim (KLP) me qëllim të përmirësimit të standardit të sigurimit të shërbimeve publike, rritjes së sigurisë së qytetarëve, cilësisë së jetesës dhe mirëqenies. BNJVL, si përfaqësues ligjor që vepron në emër të komunave anëtare të BNJVL-së, obligohet: të formojë sekretariate të Këshillave lokalë për parandalim (KLP) me vendim të kryetarit të komunës/këshillit komunal; të aplikojë procedura të unifikuara për komunat që të mund të krijojnë këshilla lokalë për parandalim dhe mënyra për të rregulluar punën e tyre përmes rregullores së strukturuar ose rregullores së punës së KLP-ve; të formojë sekretariate operative të KLP-ve të cilat do të përbëhen nga: nëpunës administrativë nga komunat, nga grupet e këshilltarëve të vetëqeverisjes lokale, përfaqësues të grave dhe të rinjve dhe përfaqësues të organizatave relevante nga sektori civil dhe përfaqësues të bashkësive fetare; të aplikojë protokolle të punës në seancat e KLP-ve, delegimin e vendimeve të marra nga KLP-të për organet dhe subjektet relevante; të përcaktojë një mekanizëm për ndjekjen e vendimeve/konkluzioneve të KLP-ve që do të rezultojë me një raport për aktivitetet e ndërmarra lidhur me këto vendime/konkluzione; të merret parasysh sigurimin e mjeteve nga buxheti vjetor i komunës që do të dedikohen për funksionimin e KLP-ve (zbatimi i programeve të përcaktuara) dhe të sigurohet kompensim me të holla në vlerë jo më shumë se 1500 denarë për anëtar për komisionet e formuara që do të punojnë me KLP-të pas raportit të dorëzuar për realizimin e Këshillit lokal për parandalim.

**Изнесени повеќе иницијативи за отпочнување на законски измени**

Под точката разно, се дискутираше за повеќе предизвици од спроведување на надлежностите на општините. Претседателот на Комитетот на советите при ЗЕЛС и член на Управниот одбор, Трајко Славевски, нагласи дека во следната недела ќе иницира одржување на седница на ова тело во просториите на ЗЕЛС. Тој посочи дека по парламентарните избори, четири члена на ова тело повеќе не се актуелни претседатели на општинските совети, односно, заминати се на нови функции, за што е потребно да се направи нивна замена. Предлозите потоа треба да бидат изнесени на следната седница на Генералното собрание. Савевски посочи дека една од точките на кои ќе се дискутира ќе биде поврзана со тековниот процес на измени во Законот за локална самоуправа, каде ќе предложи иницијативи за законски измени што ќе одат во насока на јакнење на улогата на претседателот на Советот на општината, обезбедување услови за поголема соработка меѓу градоначалникот и претседателот на Советот, но, исто така и давање поддршка за иницирањето на можноста за смена на градоначалник, преку референдум или преку други прецизно утврдени критериуми.

Присутните отворија и дискусија за преземање соодветни иницијативи за измени во Законот за земјоделско земјиште, донесени на 28 октомври 2024 година. Во членот за формирање седумчлена комисија за распределба на земјоделското земјиште во државна сопственост за давање под закуп, каде што е утврдено дека има и еден член од ЗЕЛС, изземено е досега поставеното дообјаснување дека членот од ЗЕЛС треба да биде лице од единицата на локална самоуправа на чија територија се наоѓа предметното земјиште. Исто така, на седницата беше посочено дека досега општините се ограничуваат и во однос на категоријата на земјоделското земјиште што може да се дава под концесија или закуп за развој на локалната економија, односно дека општината може да го направи тоа само доколку земјиштето е од 4. категорија, а ова правило не важи и за земјиштето што е во приватна сопственост.

Присутните го отворија и прашањето за измените на Законот за градење од 4 ноември, 2024 година, со кои се предвидува дека одобрение за градење за фотонапонска централа издава Министерството за транспорт и врски, иако целосно, постапката до издавање на одобрение за градење, ја спроведува општината. Исто така, беше посочено дека е потребно ЗЕЛС да иницира и зголемување на комуналиите за издавање под концесија.

Присутните го реафирмираа прашањето за разрешување на проблемот со финансирање на противпожарната заштита пред Министерството за одбрана, како и отворање на т.н. „буџетски преговори" со Владата.

Во процесот на собирање податоци од општините, од страна на ЗЕЛС, за недостатокот на средства во блок дотациите за образование, за противпожарна заштита и за градинки, Општина Чешиново – Облешево упати писмено барање до ЗЕЛС за поддршка во решавањето на предизвикот со намалувањето на средствата од блок дотацијата за градинките, кои за следната година се драстично намалени. Се наведува дека општината ќе биде принудена на затворање на објектите и откажување на договорите на дело со дел од персоналот ангажиран во нив, што е на штета на децата и жителите на оваа општина. Поддршка побара и Општина Студеничани која се соочува со протестот на локалното население кое го попречува инвеститорот да започне со изградба на објектот за кој е издадено одобрение за градење.

**U prezantuan më shumë iniciativa për inicimin e ndryshimeve ligjore**

Nën pikën "Të ndryshme" u diskutuan më shumë sfida nga zbatimi i kompetencave të komunave. Kryetari i Komitetit të Këshillave pranë BNJVL-së dhe anëtar i Bordit drejtues, Trajko Sllaveski, theksoi se javën e ardhshme do të inicojë mbajtjen e seancës së këtij trupi në hapësirat e BNJVL-së. Ai theksoi se pas zgjedhjeve parlamentare, katër anëtarë të këtij trupi nuk janë më kryetarë aktualë të këshillave komunalë, përkatësisht janë larguar në pozita të reja, për të cilat është e nevojshme të bëhet zëvendësimi i tyre. Propozimet pastaj duhet të prezantohen në seancën e ardhshme të Kuvendit Gjeneral. Sllaveski theksoi se një nga pikat që do të diskutohen ka të bëjë me procesin aktual të ndryshimeve në Ligjin për vetëqeverisje lokale, ku do të propozojë iniciativa për ndryshime ligjore që do të shkojnë në drejtim të forcimit të rolit të kryetarit të Këshillit të komunës, sigurimit të kushteve për bashkëpunim më të madh mes kryetarit të komunës dhe kryetarit të Këshillit, por edhe në drejtim të dhënies së mbështetjes për inicimin e mundësisë së zëvendësimit të kryetarit të komunës, nëpërmjet referendumit apo kritereve të tjera të përcaktuara në mënyrë precize.

Të pranishmit hapën diskutim edhe për marrjen e iniciativave përkatëse për ndryshime në Ligjin për tokën bujqësore, të miratuara më 28 tetor 2024. Në nenin për formim të një komisioni shtatë anëtarësh për shpërndarjen e tokës bujqësore në pronësi të shtetit për dhënie me qira, ku është përcaktuar se ka edhe një anëtar të BNJVL-së, është përjashtuar plotësimi shtesë i dhënë deri më tani se anëtari i BNJVL-së duhet të jetë person nga njësia e vetëqeverisjes lokale, në territorin e së cilës ndodhet toka e lëndës. Gjithashtu, në seancë u theksua se deri më tani komunat kufizoheshin edhe lidhur me kategorinë e tokës bujqësore që mund të jepet me koncesion ose qira për zhvillimin e ekonomisë lokale, përkatësisht se komuna mund ta bëjë këtë vetëm nëse toka është e kategorisë së 4-të dhe kjo rregull nuk vlen edhe për tokën që është në pronësi private.

Të pranishmit hapën edhe çështjen për ndryshimet e Ligjit për ndërtim të datës 4 nëntor 2024, me të cilat parashihet se miratimin për ndërtimin e centralit fotovoltaik lëshon Ministria e Transportit dhe Lidhjeve, edhe pse procedurën deri në lëshimin e miratimit për ndërtim tërësisht e zbaton komuna. Gjithashtu, u theksua se është e nevojshme që BNJVL të iniciojë rritjen e taksave komunale për dhënie me koncesion.

Të pranishmit riafirmuan çështjen për zgjidhjen e problemit me financimin e mbrojtjes nga zjarri para Ministrisë së Mbrojtjes si dhe hapjen e të ashtuquajturat "negociata buxhetore" me Qeverinë.

Në procesin e mbledhjes së të dhënave nga komunat nga ana e BNJVL-së për mungesën e mjeteve në bllok dotacionet për arsim, për mbrojtje nga zjarri dhe për kopshtet e fëmijëve, Komuna e Çeshinovës - Obleshevës i dërgoi kërkesë me shkrim BNJVL-së për mbështetje në zgjidhjen e sfidës me zvogëlimin e mjeteve nga bllok dotacioni për kopshtet e fëmijëve, të cilat për vitin e ardhshëm janë zvogëluar në mënyrë drastike. Theksohet se komuna do të detyrohet të mbyllë objektet dhe të anulojë kontratat mbi vepër me një pjesë të stafit të angazhuar në to, gjë që është në dëm të fëmijëve dhe banorëve të kësaj komune. Mbështetje kërkoi edhe Komuna e Studeniçanit e cila ballafaqohet me protestën e popullatës lokale që pengon investitorin të fillojë me ndërtimin e objektit për të cilin është lëshuar miratim për ndërtim.

# МИНИСТЕРОТ ЗА ТРАНСПОРТ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЗЕЛС ДИСКУТИРАА ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ЗАСТОЈОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ВО ОПШТИНИТЕ

# MINISTRI I TRANSPORTIT DHE PËRFAQËSUES TË BNJVL-SË DISKUTUAN PËR TEJKALIMIN E NGECJES PËR NDËRTIMIN E OBJEKTEVE INFRASTRUKTURORE ME KARAKTER PUBLIK NË KOMUNA




Претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, и потпретседателот на ЗЕЛС, Перо Костадинов, заедно со в. д. градоначалник на Општина Аеродром, Дејан Митевски и секретарот на Општина Чаир, Фарук Невзади, имаа средба со заменик-претседателот на Владата и министер за транспорт, Александар Николоски. На средбата што се одржа во административната зграда на ЗЕЛС, на 15 ноември 2024 година, се дискутираше за изнаоѓање решенија за бројни предизвици со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа во спроведувањето на нивните надлежности од оваа област, а акцентот беше ставен и на последните измени на Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење, како и на иницијативите за измени во Законот за експропријација. Претседателот на ЗЕЛС изрази голема благодарност за подадената рака за соработка од страна на министерот Николоски, во насока на изнаоѓање заемно прифатливи решенија за двете страни, на што возврати и министерот Николоски, кој нагласи дека секогаш ќе биде отворен за дијалог и изнаоѓање решенија во интерес на граѓаните.

На средбата беше договорено дека во најбрз рок ќе се формира тим од претставници од општините, предводени од в. д. градоначалник на Општина Аеродром, Дејан Митевски, како и претставници од Министерството за транспорт. Тие ќе работат на прецизирање на предлог-измените на одредени одредби од Законот за експропријација, со цел да се обезбедат услови за непречена реализација на бројни инфраструктурни

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe nënkryetari i BNJVL-së, Pero Kostadinov, së bashku me ushtruesin e detyrës së kryetarit të Komunës së Aerodromit, Dejan Mitevski dhe sekretarin e Komunës së Çairit, Faruk Nevzadi, patën takim me Zëvendës-kryeministrin dhe Ministër të Transportit, Aleksandar Nikolloski. Në takimin që u mbajt në ndërtesën administrative të BNJVL-së, më 15 nëntor 2024, u diskutua për gjetjen e zgjidhjeve për sfidat e shumta me të cilat ballafaqohen njësitë e vetëqeverisjes lokale në zbatimin e kompetencave të tyre në këtë sferë, ndërsa theksi u vu edhe në ndryshimet e fundit në Ligjin për planifikim urbanistik dhe Ligjin për ndërtim, si dhe në iniciativat për ndryshime në Ligjin për shpronësim. Kryetari i BNJVL-së shprehu mirënjohje të madhe për dorën e shtruar për bashkëpunim nga ana e ministrit Nikolloski në drejtim të gjetjes së zgjidhjeve reciprokisht të pranueshme për të dyja palët, për të cilën gjë u përgjigj ministri Nikolloski, duke theksuar se gjithmonë do të jetë i hapur për dialog dhe gjetje të zgjidhjeve në interes të qytetarëve.

Në takim u ra dakord se në afat sa më të shkurtër do të formohet një ekip i përbërë nga përfaqësues të komunave, i udhëhequr nga ushtruesi i detyrës së kryetarit të Komunës së Aeroportit, Dejan Mitevski, si dhe përfaqësues të Ministrisë së Transportit. Ata do të punojnë në saktësimin e propozim-ndryshimeve të dispozitave të caktuara të Ligjit për shpronësim, me qëllim që të sigurohen kushte për realizimin e pandërprerë

зафати. Со тоа треба да се надмине моменталната состојба на градење булевари, мостови, патишта и други градби започнати пред многу години, а кои досега сè уште не се завршени, токму поради бројните предизвици настанати во процесот на експропријација.

Беше нагласено дека за општините од особено значење се измените во Законот за урбанистичко планирање и Законот за градење, што беа иницирани од ЗЕЛС, а со кои се овозможи надминување на уште еден реален застој во напорите општините да обезбедат инфраструктурни објекти од јавен карактер. Поточно, со измените се овозможува да се поедностави постапката за градење на земјиштето што е во целосна сопственост на државата или во целосна сопственост на општината, односно да се овозможи да не се наплаќаат комуналии при изградбата на градинки, училишта, катни гаражи и други објекти од јавен интерес. Ова во голема мера ќе помогне и за поголема реализација на проектите за кои општините добија грант од државата, од кредитот од унгарската влада. Беше посочено дека следниот повик за општините од 250 милиони евра, за изградба на инфраструктурни зафати, ќе биде објавен некаде на почетокот на следната година.

На средбата, министерот Николоски прифати да одржи средба и со градоначалникот на Општина Карпош за изнаоѓање решенија околу одредени предизвици со кои се соочува оваа општина и заради кои градоначалникот Стевче Јакимовски изрази јавна иницијатива за напуштање на ЗЕЛС. Со тоа, претседателот на ЗЕЛС го одржа ветувањето дека ја презема улогата на модератор во овој процес, а во насока на одржување на единството во ЗЕЛС .

Присутните се договорија дека ќе се пристапи кон изнаоѓање соодветно решение во Законот за градежно земјиште за одредено постапување на ЗЕЛС во рамките на електронските постапки. Беше побарано, по примерот на Законот за градење, со посебна одредба да се даде основ и во Законот за градежно земјиште, со која ќе му се даде право на министерот, со правилник да го уреди начинот и околностите кога на ЗЕЛС, како администратор, му е допуштено да постапи по поединечно барање за интервенција во електронските системи, по доставено барање од општината. Ова е од причина што ЗЕЛС има својство единствено на администратор со информациските системи, заради воспоставување, тековно одржување и нивна надградба, односно не е орган во постапката. Ова често создава дилема кај странките што се обраќаат до ЗЕЛС, а ЗЕЛС потоа се обраќа до Министерството за транспорт.

Министерот беше информиран и за честите барања од општините упатени до ЗЕЛС за потребата на нивната општинска администрација да се стекне со лиценца за управување со постапка за градежно неизградено земјиште во сопственост на државата. Ова овластување се добива со проследување на обука и потоа полагање на испит, за чие спроведување услови обезбедува Министерството за транспорт и врски. Министерот информираше дека постапката е во тек и дека наскоро ќе биде обезбеден потребниот државен испитен центар, каде што кандидатите кои проследиле обука, ќе имаат можност да го полагаат испитот за стекнување со потребното овластување.

të intervenimeve të shumta infrastrukturore. Me këtë duhet të tejkalohet gjendja aktuale të ndërtimit të shumë bulevardeve, urave, rrugëve dhe ndërtimeve të tjera të nisura shumë vite më parë, të cilat ende nuk kanë përfunduar, pikërisht për shkak të sfidave të shumta që kanë dalë në procesin e shpronësimit.

U theksua se ndryshimet në Ligjin për planifikim urbanistik dhe në Ligjin për ndërtim, të cilat i inicioi BNJVL-ja dhe mundësuan tejkalimin e një ngecjeje tjetër reale në përpjekjet e komunave për të siguruar objekte infrastrukturore me karakter publik, janë të një rëndësie të veçantë për komunat. Më saktësisht, me ndryshimet mundësohet thjeshtësimi i procedurës së ndërtimit në tokën që është në pronësi të plotë të shtetit ose në pronësi të plotë të komunës, gjegjësisht të mundësohet që të mos paguhen taksa komunale gjatë ndërtimit të kopshteve të fëmijëve, shkollave, garazheve me kate dhe objekteve të tjera me interes publik. Kjo do të ndihmojë në masë të madhe për realizimin më të madh të projekteve për të cilat komunat kanë marrë grant nga shteti, nga kredia nga Qeveria hungareze. U theksua se thirrja e ardhshme për komunat në vlerë prej 250 milionë eurosh, për zbatimin e intervenimeve infrastrukturore, do të shpallet diku në fillim të vitit të ardhshëm.

Në takim, Ministri Nikolloski pranoi të mbajë takim me kryetarin e Komunës së Karposhit për të gjetur zgjidhje për disa sfida me të cilat ballafaqohet kjo komunë dhe për të cilat kryetari Stevçe Jakimovski shprehu iniciativë publike për të larguar BNJVL-në. Me këtë, kryetari i BNJVL-së e mbajti premtimin se po ndërmerr rolin e moderatorit në këtë proces, në drejtim të ruajtjes së unitetit në BNJVL.

Të pranishmit u ranë dakord se do t'i qasen gjetjes së zgjidhjes adekuate në Ligjin për tokë ndërtimore për veprim të caktuar të BNJVL-së në kuadër të procedurave elektronike. U kërkua sipas shembullit të Ligjit për ndërtim, me dispozitë të veçantë të jepet bazë edhe në Ligjin për tokë ndërtimore, me të cilën do t'i jepet të drejtë Ministrit që me rregullore të rregullojë mënyrën dhe rrethanat kur BNJVL-së, si administrator i lejohet të veprojë lidhur me një kërkesë individuale për të ndërhyrë në sistemet elektronike, pas një kërkese të dërguar nga komuna. Kjo për faktin se vetëm BNJVL-ja ka rolin e administratorit të sistemeve të informacioneve, me qëllim të krijimit, mirëmbajtjes së vazhdueshme dhe avancimit të tyre, gjegjësisht nuk është organ në procedurë. Kjo gjë shpesh krijon dilemë për palët që i drejtohen BNJVL-së, ndërsa BNJVL-ja pastaj i drejtohet Ministrisë së Transportit.

Ministri u informua edhe për kërkesat e shpeshta të komunave drejtuar BNJVL-së për nevojën e administratës së tyre komunale për të marrë licencën për udhëheqjen e procedurës për ndërtimin e tokës së pandërtuar në pronësi të shtetit. Ky autorizim merret me ndjekjen e trajnimit dhe më pas dhënien e provimit, për zbatimin e të cilit kushtet i siguron Ministria e Transportit dhe Lidhjeve. Ministri informoi se procedura është në rrjedhë e sipër dhe se së shpejti do të sigurohet qendra e nevojshme shtetërore e provimeve, ku kandidatët që kanë ndjekur trajnimin do të kenë mundësi ta kalojnë provimin për marrjen e autorizimit të nevojshëm.

Министерот Николоски ја искористи средбата со цел да пренесе информации до општините поврзани со издавањето одобренија за поставување на фотоволтаици. Посочи дека во претходниот период не била направена соодветна проценка колку можностите на енергетската мрежа, односно колку таа може да издржи со дополнувањата од струјата добиена од фотоволтаиците. Тој нагласи дека во моментов во системот има вишок струја и се работи на изнаоѓање начини како да се надмине оваа состојба. Најави и дека многу скоро ќе излезе пред јавноста со прецизно утврдени податоци и насоки за натамошно постапување, а сè со цел објективно да се информираат заинтересираните инвеститори за да може и тие објективно да ги согледаат состојбите од инвестирањето. Николоски посочи дека како решенија се разгледуваат и можностите за инвестирање во батериски системи за складирање на вишокот електрична енергија, бидејќи во овој период можностите за извоз на оваа струја не се добри на пазарот во соседството, кое, исто така, се соочува со слична состојба како и во нашата земја. Во таа насока беше посочено дека во следниот период, министерот ќе го запре потпишувањето на ваквите согласности за инвестиции во фотоволтаици и апелираше на претпазливост до општините при издавањето согласности до 1 MW, за да не им наштетат на инвеститорите. Најцелисходно е вакви инсталации засега да се прават за училишта, јавни објекти, пречистителни станици и слично и тоа да е во рамките на задоволување на нивните сопствени потреби.

По завршувањето на дискусијата, претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски и министерот за транспорт, Александар Николоски, дадоа изјави пред медиумите, во просториите на ЗЕЛС.

Ministri Nikolloski e shfrytëzoi takimin për të përcjellë informacione te komunat lidhur me dhënien e miratimeve për instalimin e fotovoltaikëve. Ai theksoi se në periudhën paraprake nuk është bërë vlerësim adekuat i mundësive të rrjetit energjetik, gjegjësisht sa mund ai të qëndrojë me shtesat e energjisë elektrike që fitohet nga fotovoltaikët. Ai theksoi se aktualisht ka tepricë të energjisë elektrike në sistem dhe po punohet për të gjetur mënyra për tejkalimin e kësaj gjendjeje. Ai gjithashtu bëri të ditur se shumë shpejt do të dalë në opinion me të dhëna dhe udhëzime të përcaktuara saktësisht për veprime të mëtejshme, me qëllim të informimit objektiv të investitorëve të interesuar me qëllim që ata të mund t'i perceptojnë objektivisht gjendjet e investimeve. Nikolloski theksoi se si zgjidhje po shqyrtohen edhe mundësitë e investimit në sistemet e baterive për ruajtjen e tepricës së energjisë, sepse në këtë periudhë mundësitë për eksportimin e kësaj energjie elektrike nuk janë të mira në tregun e vendeve fqinje, të cilat po ashtu po ballafaqohen me një situatë të ngjashme sikurse në vendin tonë. Në këtë drejtim, u theksua se në periudhën e ardhshme ministri do të ndalojë nënshkrimin e pëlqimeve të këtilla për investime në fotovoltaikë dhe u bëri thirrje komunave që të kenë kujdes në dhënien e pëlqimeve deri në 1 MW që të mos dëmtohen investitorët. U theksua se tani për tani është më e dobishme që instalime të këtilla të bëhen për shkolla, objekte publike, impiante të trajtimit të ujit dhe të ngjashme dhe kjo të jetë në kuadër të plotësimit të nevojave të tyre.

Pas përfundimit të diskutimit, kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski dhe Ministri i Transportit, Aleksandar Nikolloski në hapësirat e BNJVL-së dhanë deklarata para mediave.



## СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ ТРИПУНОВСКИ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОСТАДИНОВ, ИНИЦИРАНА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС

## TAKIM I MINISTRIT TRIPUNOVSKI ME KRYETARIN KOSTADINOV, I INICIUAR NGA KRYETARI I BNJVL-SË



Во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, на 12 ноември 2024 година, беше одржана средба меѓу министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Цветан Трипуновски и градоначалникот на Општина Струмица, Костадин Костадинов, што ја иницираше и на која присуствуваше и претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски. На состанокот присуствуваше и извршниот директор на АД Водостопанство на РСМ, Филип Филиповски. Оваа средба се одржа како резултат на ветувањето на претседателот на ЗЕЛС дека ќе обезбеди медијација во изнаоѓањето начини за решавање на одредени предизвици со кои се соочува населението во оваа општина, а кои градоначалникот Костадинов неодамна ги посочи во јавноста како причина за напуштање на членството на оваа општина од ЗЕЛС .

На средбата беше договорено да се формира комисија во која ќе има претставници од повеќе научни институции што ќе ја следат фактичката состојба на браната Турија, но и ќе ги утврди причините за неодамнешното појавување на манган во водата. Исто така, беше договорено долгот што го има Општина Струмица кон АД Водостопанство да биде сервисиран согласно со утврдената динамика, а АД Водостопанство да ги извршува сервисирањата и услугите од својата надлежност. Се дискутираше и за состојбите околу квалитетот на водата за пиење, која според надлежните институции, во моментов е исправна.

Претседателот на ЗЕЛС нагласи дека во ЗЕЛС не смее да се дозволи поделба по ниту една основа. Исто така, истакна дека поддршката меѓу општините и градоначалниците треба да продолжи кон јакнење на локалната власт и обезбедување реформи за подобрување на условите за спроведување на префрлените надлежности, во интерес на сите граѓани. Ѓорѓиевски изрази задоволство за променетиот став на градоначалникот Костадинов за натамошно одржување на единството во ЗЕЛС, нагласувајќи дека само преку разговор може да решаваат предизвиците.

Në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së, më 12 nëntor 2024, u mbajt takim i Ministrit të Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, Cvetan Tripunovski dhe kryetarit të Komunës së Strumicës, Kostadin Kostadinov, i cili u iniciua dhe në të cilin mori pjesë edhe kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski. Në takim ishte i pranishëm edhe drejtori ekzekutiv i ndërmarrjes SHA "Ekonomia e Ujërave e RMV-së", Filip Filipovski. Ky takim u mbajt si rezultat i premtimit të kryetarit të BNJVL-së se do të ndërmjetësojë në gjetjen e mënyrave për zgjidhjen e sfidave të caktuara me të cilat ballafaqohet popullata e kësaj komune, të cilat kryetari Kostadinov para pak kohësh i theksoi si arsye për largimin nga anëtarësia të kësaj komune nga BNJVL-ja.

Në takim u ra dakord që të krijohet një komision në të cilin do të ketë përfaqësues nga më shumë institucione shkencore që do të ndjekin gjendjen faktike të digës Turija, por edhe do të konstatojë arsyet e shfaqjes së fundit të manganit në ujë. Gjithashtu u ra dakord që borxhi i Komunës së Strumicës ndaj SHA "Ekonomia e Ujërave" të shlyhet sipas dinamikës së përcaktuar, ndërsa SHA "Ekonomia e Ujërave" t'i kryejë servisimet dhe shërbimet e kompetencës së saj. U diskutua edhe për gjendjen e cilësisë së ujit të pijshëm, i cili sipas institucioneve kompetente aktualisht është i pastër.

Kryetari i BNJVL-së theksoi se në BNJVL nuk guxon të lejohet ndarje në asnjë bazë. Gjithashtu theksoi se mbështetja mes komunave dhe kryetarëve të komunave duhet të vazhdojë në drejtim të forcimit të pushtetit lokal dhe sigurimit të reformave për përmirësimin e kushteve për zbatimin e kompetencave të transferuara, në interes të të gjithë qytetarëve. Gjorgjievski shprehu kënaqësinë e tij për qëndrimin e ndryshuar të kryetarit Kostadinov për ruajtjen e mëtutjeshme të unitetit në BNJVL, duke theksuar se sfidat mund të zgjidhen vetëm me bisedë.

## ТРИ ОПШТИНИ ОД НАШАТА ЗЕМЈА И ЗЕЛС ВО СОСТАВ НА НОВОФОРМИРАНАТА ПЛАТФОРМА – ЗАЕДНИЦА НА ПРАКСА ЗА ДЕЛИБЕРАТИВНА ДЕМОКРАТИЈА

Аеродром, Центар и Македонски Брод се општините од нашата земја кои изразија интерес и се пријавија за учество во проектот „Промовирање на советодавна демократија и иновативни пристапи за учество на граѓаните во Југоисточна Европа". Проектот го спроведува Центарот за експертиза за повеќе нивоа на управување на Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа, со финансиска поддршка на Германија. Со тоа, овие три општини од нашата земја, заедно со уште 15 единици на локалната самоуправа од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Србија и со седумте асоцијации на локалните власти од овие земји, станаа дел од новоформираната **Заедница на пракса за делиберативна демократија**, што беше формирана на 14 ноември 2024 година во Тирана (Албанија) од Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа. Заедницата на пракса за делиберативна демократија ќе служи како платформа за размена на досегашните искуства и за јакнење на општинските капацитети меѓу нејзините членки, а ќе биде координирана од Мрежата на национални асоцијации на локални власти на Југоисточна Европа (НАЛАС).

Делегацијата од нашата земја, составена од по еден советник и по еден претставник од општинската администрација од трите општини, заедно со еден претставник од ЗЕЛС, учествуваше на промотивниот настан и формирањето на Заедницата во Тирана. Присутните ги поздрави директорката на Конгресот, Клаудија Лучиани, која во своето обраќање ја нагласи улогата на советодавните процеси како ефективен пристап за зајакнување на претставничката демократија и реализација на подобри политики. На овој прв состанок беше објавен и Конгресен водич за локалните власти на тема „Како да се организира делиберативен процес на локално ниво?" (достапен на англиски и босански јазик). На настанот се обратија и амбасадорот на Германија во Албанија, заменик-градоначалничката на Тирана, Фрида Пашако, извршниот директор на НАЛАС, Келменд Зајази, како и претставници од Советот на Европа.

## TRI KOMUNA NGA VENDI YNË DHE BNJVL NË PËRBËRJEN E PLATFORMËS SË SAPOFORMUAR – BASHKËSIA E PRAKTIKËS PËR DEMOKRACI DELIBERATIVE

Aerodromi, Qendra dhe Makedonski Brod janë komunat nga vendi ynë që shprehën interes dhe u paraqitën për të marrë pjesë në projektin "Promovimi i demokracisë këshilldhënëse dhe qasjeve inovative për pjesëmarrjen e qytetarëve në Evropën Juglindore". Projektin e zbaton Qendra për ekspertizë për qeverisje shumënivelesh të Kongresit të Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës me mbështetjen financiare të Gjermanisë. Me këtë, këto tri komuna nga vendi ynë, së bashku me 15 njësi të tjera të vetëqeverisjes lokale nga Shqipëria, Bosnja dhe Hercegovina, Kosova, Mali i Zi dhe Serbia dhe me shtatë asociacionet e autoriteteve lokale nga këto vende, u bënë pjesë e Bashkësisë së sapoformuar për demokraci deliberative, e cila u formua më 14 nëntor 2024 në Tiranë (Shqipëri) nga ana e Kongresit të Autoriteteve Lokale dhe Rajonale të Këshillit të Evropës. Bashkësia i praktikës për demokraci deliberative do të shërbejë si platformë për shkëmbimin e përvojave të deritanishme dhe për forcimin e kapaciteteve komunale ndërmjet anëtarëve të saj dhe do të koordinohet nga ana e Rrjetit të Asociacioneve Kombëtare të Autoriteteve Lokale të Evropës Juglindore (NALAS).

Delegacioni nga vendi ynë, i përbërë nga një këshilltar dhe nga një përfaqësues nga administrata komunale nga tri komunat, së bashku me një përfaqësues nga BNJVL, morën pjesë në ngjarjen promovuese dhe formimin e Bashkësisë në Tiranë. Të pranishmit i përshëndeti drejtoresha e Kongresit, Kllaudija Luçiani, e cila në fjalimin e saj theksoi rolin e proceseve këshillëdhënëse si një qasje efektive për forcimin e demokracisë përfaqësuese dhe realizimin e politikave më të mira. Në këtë takim të parë u botua Udhëzuesi i Kongresit për autoritetet lokale me temë "Si të organizohet një proces deliberativ në nivel lokal?" (i disponueshëm në gjuhën angleze dhe atë boshnjake). Në këtë ngjarje fjalime mbajtën edhe Ambasadori i Gjermanisë në Shqipëri, zëvendës-kryetarja e Bashkisë së Tiranës, Frida Pashako, Drejtori Ekzekutiv i NALAS-it, Kelmend Zajazi, si dhe përfaqësues nga Këshilli i Evropës.








**Презентирани бројни алатки за поттикнување на локална демократија**

Претставниците од нашата земја ги презентираа своите искуства за вклучувањето на граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво и алатките што ги користат. Претседателот на Советот на Општина Аеродром, Антонио Петковски, говореше за актуелните консултации што ги реализира Општината со граѓаните во подготовката на општинскиот буџет за следната година, но нагласи дека Општината организира и низа други средби со граѓаните за бројни прашања од локално значење. Претседателот на Советот на Општина Македонски Брод, Маријан Алампиоски, сподели искуства од спроведувањето на „Проектниот форум на заедницата“ што се спроведува во рамките на проектот за зајакнување на општинските совети, а за слични активности на учество на граѓаните во подготовката на општинскиот буџет и за алатката „Отворен совет“ говореше советничката од Општина Центар, Марија Среброва. Заменик-извршната директорка на ЗЕЛС, Ардита Дема Мехмети, го нагласи високиот степен на развивање на граѓанската алатка „Форуми во заедницата“ што го постигнаа општините во нашата земја, со поддршка на ЗЕЛС. Повеќе од 60 општини ја институционализираа оваа алка во своите статути и повеќе од една деценија ја применуваат за консултација со своите граѓани при донесувањето важни одлуки на општината. За поефикасно спроведување на форумите од страна на општините, ЗЕЛС обезбеди целосен процес за лиценцирање на лицата што ги водат овие форуми- „форумски модератори“. Од големо значење за присутните беа и искуствата што ги споделија претставниците од Мостар и Бања Лука. Тие преку практични примери го објаснија начинот на формирање на Собрание на граѓани што го спроведува концептот на делиберативна демократија во општината.

**Проектот поттикнува учество на граѓаните во донесување одлуки од локално значење**

Проектот „Промовирање на советодавна демократија и иновативни пристапи за учество на граѓаните во Југоисточна Европа“ има цел да придонесе во зајакнување на демократските процеси во Југоисточна Европа; да ги зајакне вештините и капацитетите на локалните власти и нивните здруженија; да ја подобри институционалната рамка за обука на локалните службеници и избраните претставници и ефективно управување со човечките ресурси и да го поттикнат учеството на граѓаните во донесувањето одлуки од локално значење. Проектот за делиберативна демократија промовира иновативни форми на учество на граѓаните, како дополнување на претставничката демократија во шесте земји од Западен Балкан.

**U prezantuan mjete të shumta për nxitjen e demokracisë lokale**

Përfaqësuesit nga vendi ynë prezantuan përvojat e tyre për përfshirjen e qytetarëve në procesin e vendimmarrjes në nivel lokal dhe mjetet që ata përdorin. Kryetari i Këshillit të Komunës së Aerodromit, Antonio Petkovski foli për konsultimet aktuale që komuna po i bën me qytetarët në përgatitjen e buxhetit të komunës për vitin e ardhshëm, por theksoi se komuna organizon edhe një seri takimesh të tjera me qytetarët për çështje të shumta me rëndësi lokale. Kryetari i Këshillit të Komunës së Makedonski Brodit, Marijan Alampioski, ndau përvoja nga zbatimi i “forumit të projektit të komunitetit”, i cili zbatohet në kuadër të projektit për përforcimin e këshillave komunalë, ndërsa për aktivitete të ngjashme të pjesëmarrjes së qytetarëve në përgatitjen e buxhetit komunal dhe për mjetin “Këshilli i Hapur” foli këshilltarja nga Komuna e Qendrës, Marija Srebrova. Zëvendës-drejtoresha ekzekutive e BNJVL-së, Ardita Dema Mehmeti, theksoi nivelin e lartë të zhvillimit të mjetit qytetar “Forumet në bashkësi” që komunat në vendin tonë e kanë zhvilluar me mbështetjen e BNJVL-së. Më shumë se 60 komuna e kanë institucionalizuar këtë mjet në statutet e tyre dhe e po zbatojnë për më shumë se një dekadë për konsultim me qytetarët e tyre gjatë marrjes së vendimeve të rëndësishme të komunës. Për zbatim sa më efikas të forumeve nga ana e komunave, BNJVL-ja siguroi një proces të plotë për licencimin e personave që udhëheqin me këto forume “moderatorë të forumeve”, për të cilët janë përgatitur dy doracakë, por është zhvilluar një koncept i zbatimit të trajnimeve dhe dhënies së provimit për të marrë këtë licencë. Me rëndësi të madhe për të pranishmit ishin edhe përvojat që i shkëmbyen përfaqësuesit e qyteteve të Mostarit dhe Banja Llukës. Përmes shembujve praktikë, ata shpjeguan mënyrën e formimit të Kuvendit të qytetarëve që zbaton konceptin e demokracisë deliberative në komunë.

**Projekti nxit pjesëmarrjen e qytetarëve në marrjen e vendimeve me rëndësi lokale**

Projekti “Promovimi i demokracisë këshillëdhënëse dhe qasjeve inovative për pjesëmarrjen e qytetarëve në Evropën Juglindore” ka për qëllim të kontribuojë në forcimin e proceseve demokratike në Evropën Juglindore; t’i forcojë aftësitë dhe kapacitetet e autoriteteve lokale dhe shoqatave të tyre; ta përmirësojë kornizën institucionale për trajnimin e nëpunësve lokalë dhe përfaqësuesve të zgjedhur dhe menaxhimin efektiv të resurseve njerëzore dhe të inkurajojnë pjesëmarrjen e qytetarëve në marrjen e vendimeve me rëndësi lokale. Projekti për demokraci deliberative promovon forma inovative të pjesëmarrjes së qytetarëve, si plotësim i demokracisë përfaqësuese në gjashtë vendet e Ballkanit Perëndimor.

## ЗЕЛС СО ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

ЗЕЛС во континуитет ги поддржува општините во реализација на низа активности за заштита на животната средина; за селекција на отпадот; за поефикасно управување со отпадот; за пошумување и слично. Дел од активностите се однесуваат на: јакнење на капацитетите на општинската администрација; обезбедување соодветна стратегиска и друга планска документација, но и на спроведување конкретни активности како засадување нови садници на дрва на соодветните површини во општините или расчистување на расфрланиот отпад што ја загадува природата и ја нарушува нејзината убавина. Во таа насока, ЗЕЛС соработува со органите на централната власт, со домашни и меѓународни организации и со невладиниот сектор.

### Потпишан Меморандум за соработка со МАМ за развивање и реализирање на проекти од областа на животната средина, циркуларната економија и управување со отпадот

ЗЕЛС и „Мен енд Маунтен“ (МАМ) склучија Меморандум за соработка со цел развивање и реализирање на проекти од областа на животната средина, циркуларната економија и управување со отпадот. МАМ е креатор и организатор на проектот наречен „ЗЕЛЕНА СОНЧЕВА“ што започна во 2021 година и ќе трае до 2031 година. Проектот се состои од два дела:

1. Национален волонтерски настан за селекција и чистење отпад наречен „Генералка викенд“ (ГВ), кој се реализира во мај, секоја година.
2. Акција за пошумување „Сончева гора“ (СГ), која се реализира наесен, секоја година.

## BNJVL ME MBËSHTETJEN E KOMUNAVE PËR REALIZIMIN E AKTIVITETEVE PËR MBROJTJEN E MJEDISIT JETËSOR

BNJVL në vazhdimësi i përkrah komunat në realizimin e një sërë aktivitetesh për mbrojtjen e mjedisit jetësor, selektimin e mbeturinave, menaxhim më efikas të mbeturinave, pyllëzim e të ngjashme. Një pjesë e aktiviteteve kanë të bëjnë me forcimin e kapaciteteve të administratës komunale, sigurimin e dokumentacionit adekuat strategjik dhe dokumentacionit të tjerë planifikues, por edhe gjatë zbatimit të aktiviteteve konkrete, duke përfshirë mbjelljen e fidanëve të rinj në sipërfaqe përkatëse nëpër komuna apo gjatë pastrimit të mbeturinave të shpërndara që ndotin natyrën dhe prishin bukurinë e saj. Në këtë drejtim, BNJVL bashkëpunon me organet e pushtetit qendror, organizatat vendase dhe ndërkombëtare dhe sektorin joqeveritar.

### U nënshkrua Memorandum për bashkëpunim me MAM për zhvillimin dhe realizimin e projekteve të sferës së mjedisit jetësor, ekonomisë cirkulare dhe menaxhimit të mbeturinave

BNJVL dhe Men end Maunten (MAM) lidhën Memorandum bashkëpunimi me qëllim të zhvillimit dhe realizimit të projekteve të sferës së mjedisit jetësor, ekonomisë cirkulare dhe menaxhimit të mbeturinave. MAM është krijuesi dhe organizatori i projektit të quajtur “E GJELBËR ME DIELL” që filloi në vitin 2021 dhe do të zgjasë deri në vitin 2031. Projekti përbëhet nga dy pjesë:

1. Ngjarja kombëtare e vullnetarëve për selektimin dhe pastrimin e mbeturinave e quajtur “Generalka Weekend” (GW) që realizohet në maj për çdo vit.
2. Aksioni për pyllëzim "Sonpçeva gora" (SG) që realizohet në vjeshtë për çdo vit.









Во рамките на Меморандумот е договорено ЗЕЛС да ѝ даде поддршка на МАМ во комуникациите со општините; при промоцијата на проектите што МАМ ги реализира на локално ниво; поддршка за обезбедување можности за презентирање на стратегии и решенија за циркуларна економија на отпадот, за селекција на домашниот, но и на секундарниот отпад, како и при реализација на други проекти поврзани со животната средина во општините. Исто така, доколку е потребно, за време на настаните „Генералка викенд“ и „Сончева гора“, ЗЕЛС ќе се вклучи во координација и комуникација со општините во кои се организира настанот, но исто така, ќе даде придонес во нивното промовирање преку соодветни активности за односи со јавноста. На материјалите за печат, објавите на социјалните мрежи, огласите, јавните презентации и на другите промотивни активности ќе биде ставено и логото на ЗЕЛС, како партнер на МАМ. Оваа соработка меѓу ЗЕЛС и МАМ е некомерцијална и непрофитна и е со единствен заемен интерес за промовирање и спроведување на активности што ќе придонесат за зачувување на животната средина.

**Координација за реализирање на иницијативата за засадување 1000 автохтони дрвца во одредени градинки и училишта во скопските општини**

ЗЕЛС, во координација со десетте скопски општини, ја поддржа иницијативата на Делегацијата на ЕУ во нашата земја за засадување 1000 дрвца во одредени општински училишта и градинки. Станува збор за донација на автохтони видови дрвја, со две-тригодишна старост, кои треба да обезбедат „зелен појас“ во дворовите на овие објекти. Проектот „ЕУ за чист воздух“ е финансиран од ЕУ, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2021) во рамките на Резултат 3: Формирање на зелени појаси во урбани средини. Идејата е преку нивното засадување во кругот на одредени детски градинки и училишта во скопските општини, не само да се придонесе кон намалување на аерозагадувањето во непосредната близина на објектите, туку и да се развие свеста кај децата за важноста од чувањето на животната средина.

Në kuadër të Memorandumit, është rënë dakord që BNJVL-ja t'i japë mbështetje MAM-it në komunikimin me komunat, gjatë promovimit të projekteve që MAM zbaton në nivel lokal, mbështetje për sigurimin e mundësive për prezantimin e strategjive dhe zgjidhjeve për ekonominë cirkulare të mbeturinave, për selektimin e mbeturinave shtëpiake, por edhe të mbeturinave sekondare, si dhe gjatë realizimit të projekteve të tjera të lidhura me mjedisin jetësor në komuna. Gjithashtu, nëse është e nevojshme, gjatë ngjarjeve "Generalka Weekend" dhe "Sonçeva gora", BNJVL do të përfshihet në koordinim dhe komunikim me komunat në të cilat organizohet ngjarja, por edhe do të kontribuojë në promovimin e tyre përmes aktiviteteve përkatëse për marrëdhënie me publikun. Logoja e BNJVL-së, si partner i MAM-it, do të vendoset në materialet për shtypje, artikujt në rrjetet sociale, shpalljet, prezantimet publike dhe aktivitetet e tjera promovuese. Ky bashkëpunim ndërmjet BNJVL-së dhe MAM-it është jokomercial dhe jofitimprurës dhe është me interes të përbashkët të vetëm për promovimin dhe zbatimin e aktiviteteve që do të kontribuojnë në ruajtjen e mjedisit jetësor.

**Koordinim për realizimin e iniciativës për mbjelljen e 1000 fidanëve autoktonë në shkolla dhe kopshte të caktuara të fëmijëve në komunat e Shkupit**

BNJVL, në koordinim me dhjetë komunat e Shkupit, e mbështeti iniciativën e Delegacionit të BE-së në vendin tonë, për mbjelljen e 1000 fidanëve në shkolla dhe kopshte të caktuara komunale të fëmijëve. Bëhet fjalë për donacion të llojeve autoktone të drurëve, të vjetër dy-tre vjet, të cilët duhet të sigurojnë një "brez të gjelbër" në oborret e këtyre objekteve. Projekti "BE për ajër të pastër" financohet nga BE-ja përmes Instrumentit për ndihmë para-aderuese (IPA 2021) në kuadër të Rezultatit 3: Formimi i brezave të gjelbër në mjediset urbane. Ideja është që me mbjelljen e tyre në rrethin e shkollave dhe kopshteve të caktuara të fëmijëve në komunat e Shkupit, jo vetëm të kontribuohet për reduktimin e ndotjes së ajrit në afërsi të objekteve, por edhe të rritet vetëdija e fëmijëve për rëndësinë e mbrojtjes së mjedisit jetësor.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ ДЕЛЧЕВО И КУМАНОВО

Општините Делчево и Куманово започнаа со имплементација на активностите во рамките на реализацијата на една од компонентите на проектот „Регионална соработка за подобра социјална инклузија на локално ниво“. Овие активности општините ги реализираат со поддршка на ЗЕЛС, која е партнер организација во овој проект за активностите што се спроведуваат во нашата земја. На регионално ниво, овој проект го спроведува НАЛАС, со финансиска поддршка на ГИЗ. Станува збор за компонентата Родов пристап и активности за миграции како дополнителна активност од регионалниот проект, а општините Куманово и Делчево, како пилот општини во проектот, отпочнаа со развивање и реализација на концептот со родова димензија. Со овие активности треба да се придонесе за креирањето нови социјални услуги или надградување на постојните, каде што родовата перспектива е видлива. ЗЕЛС, во рамките на овој проект, паралелно реализира активности со други општини од нашата земја, пријавени во рамките на компонентата Кластер за учење за размена на искуства и примери за развој на социјални услуги.

**Советувалишна и советодавно-тераписка работа за жени со попреченост, мајки на ЛПП и други маргинализирани групи – нова социјална услуга што ќе ја реализира Општина Делчево**

„Развој на услугата советувалишна и советодавно-тераписка работа за жените со попреченост, мајки на ЛПП и други маргинализирани групи“ е проектот со кој конкурираше Општина Делчево и кој ќе го спроведува во партнерство со невладината организација „Бравура кооператива“. Идејата произлегува од резултатите добиени од спроведеното социјално мапирање на општината, од каде што како еден од клучните предизвици произлезе и минимизираното учество на жените, мајки на лица со попреченост, во социо-економското опкружување и отсуство на советувалишна и советодавно-тераписка работа



## ZBATIM I SHËRBIMEVE TË REJA SOCIALE DHE PËRMIRËSIM I ATYRE EKZISTUESE NË KOMUNAT E DELLÇEVËS DHE KUMANOVËS

Komunat e Dellçevës dhe Kumanovës filluan me zbatimin e aktiviteteve në kuadër të realizimit të njërit nga komponentët e projektit “Bashkëpunimi rajonal për përfshirje më të mirë sociale në nivel lokal”. Këto aktivitete komunat i realizojnë me mbështetjen e BNJVL-së, e cila është organizatë partnere në këtë projekt për aktivitetet që zbatohen në vendin tonë. Në nivel rajonal, këtë projekt e zbaton NALAS-i, me mbështetjen financiare të GIZ-it. Bëhet fjalë për komponentin Qasja gjinore dhe aktivitetet për migrimet si aktivitet shtesë nga projekti rajonal, ndërsa komunat e Kumanovës dhe Dellçevës, si pilot komuna në projekt, kanë filluar zhvillimin dhe realizimin e konceptit me dimension gjinor. Këto aktivitete duhet të kontribuojnë për krijimin e shërbimeve të reja sociale ose përmirësimin e atyre ekzistuese, ku perspektiva gjinore është e dukshme. BNJVL, në kuadër të këtij projekti, realizon aktivitete paralelisht me komunat e tjera nga vendi ynë, të paraqitura në kuadër të komponentit Klaster për mësim për shkëmbimin e përvojave dhe shembujve për zhvillimin e shërbimeve sociale.

**Puna këshilluese dhe këshillimore-terapeutike për gratë me aftësi të kufizuara, nënat e PNV-ve dhe grupet e tjera të margjinalizuara - shërbim i ri social që do ta realizojë Komuna e Dellçevës**

“Zhvillimi i shërbimit puna këshilluese dhe këshillimore-terapeutike për gratë me aftësi të kufizuara, nënat e PNV-ve dhe grupet e tjera të margjinalizuara” është projekti me të cilin konkurroi Komuna e Dellçevës dhe i cili do të realizohet në partneritet me organizatën joqeveritare “Bravura Kooperativa”. Ideja del nga rezultatet e fituara nga hartëzimi i zbatuar social i komunës, nga si një nga sfidat kryesore doli edhe pjesëmarrja e minimizuar e grave, nënave të personave me aftësi të kufizuar, në mjedisin socio-ekonomik dhe mungesën e punës këshilluese dhe këshillimore-terapeutike për fuqizimin psikologjik dhe socio-ekonomik të grave nëna



за психолошко, социо-економско јакнење на жените мајки на ЛПП и жени/девојчиња со попреченост. Податоците покажаа дека повеќе од половина од испитаните лица со попреченост се зависни од секојдневната грижа на нивните родители или старатели. Недостатокот на систем на поддршка во форма на социјални услуги за лицата со попреченост, доведува до неможноста лицата да стекнат вештини за независно живеење, но непосредно влијае и на економско-социјалната изолација на родителите. На долг рок, ова придонесува и кон високи стапки на сиромаштија во семејствата, но и ризик за самите лица да се грижат за себе по смртта на родителите. Па така, 2/3 од родителите не се работно ангажирани поради неопходноста да се грижат за своите деца, а остатокот работат со скратено работно време. Тоа особено се однесува на жените, што е резултат на силното влијание на традицијата и патријархалната култура во нашата земја, за најголемиот товар на грижата да падне на товар на жената. Како резултат на емоционалната и физичка исцрпеност, забележана е намалена самодоверба кај мајките, намалена мотивација за вклучување во социјалните активности и водење активен живот. Во таа насока, проектот има цел да развие услуги во форма на советувалишна и советодавно-тераписка работа заради изедначување на родовите прашања во семејната заедница, помош и поддршка на мајките на лицата со попреченост, како и поттикнување на таткото за рамноправно учество во грижата за подигањето и одгледувањето на нивните деца.

Првата работилница предвидена во рамките на проектот се одржаа на 30 октомври, 2024 година во Делчево, на која учествуваа членови на интердисциплинарниот тим составен од стручни соработници од основните и средните училишта: претставници од градинки, од Центарот за социјална работа, од Агенцијата за вработување, од невладиниот сектор и од Општината. Ќе следуваат низа работилници со родителите на лицата со попреченост, со членови на Советот за социјална заштита на Општината, но и со бизнис-секторот. Оваа услуга е уредена со правилник воведен од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), кој поблиску ги пропишува нормативите и стандардите за давање советувалишна услуга и советодавно-тераписка работа. Услугата се обезбедува во советувалиште и овозможува групна и индивидуална работа со корисниците, според програмата на давателот на услугата. По лиценцирање на невладините организации за развој на оваа услуга, се предвидува дека од следната година Општина Делчево ќе има развиено нова социјална услуга, покрај веќе постојните, во рамките на компонентата Грижа во домот, што ја обезбедува преку две невладини организации.

### „Зборувај тивко – делувај гласно“, проект на Општина Куманово за поголема информираност и вклученост во социјалниот живот на лицата со интелектуална попреченост

**„Зборувај тивко – делувај гласно“** е насловот на проектот што го реализира Општина Куманово заедно со Центарот за рехабилитација и реинтеграција на лицата со интелектуална попреченост над 18-годишна возраст „Порака наша“. Поводот за овој проект произлегува од наодите на Извештајот од спроведеното социјално мапирање во општината, што покажаа мала вклученост на девојчињата/жените со интелектуална попреченост за нивна социјализација. Конкретните цели се: да

të personave me nevoja të veçanta (PNV) dhe grave/vajzave me aftësi të kufizuara. Të dhënat treguan se më shumë se gjysma e personave të anketuar me aftësi të kufizuara janë të varur nga kujdesi i përditshëm i prindërve ose kujdestarëve të tyre. Mungesa e një sistemi për mbështetje në formën e shërbimeve sociale për personat me aftësi të kufizuara çon në pamundësinë e personave për të fituar aftësi për jetesë të pavarur dhe ndikon drejtpërdrejt edhe në izolimin ekonomiko-social të prindërve. Në afat të gjatë, kjo kontribuon edhe për shkallë të lartë të varfërisë në familje, por edhe për rrezikun që vetë personat të kujdesen për veten pas vdekjes së prindërve. Kështu, 2/3 e prindërve nuk janë të angazhuar me punë për shkak të nevojës për t'u kujdesur për fëmijët e tyre, ndërsa pjesa tjetër punojnë me kohë të shkurtër të punës. Kjo veçanërisht ka të bëjë me gratë, që është rezultat i ndikimit të fortë të traditës dhe kulturës patriarkale në vendin tonë që barra më e madhe e kujdesit të bjerë mbi kurrizin e gruas. Si rezultat i rraskapitjes emocionale dhe fizike, vërehet ulje e vetëbesimit tek nënat, ulje e motivimit për t'u përfshirë në aktivitete sociale dhe për të bërë një jetë aktive. Në këtë drejtim, projekti ka për qëllim të zhvillojë shërbime në formën e punës këshilluese dhe këshillimore-terapeutike me qëllim të barazimit të çështjeve gjinore në komunitetin familjar, ndihmës dhe mbështetjes së nënave të personave me aftësi të kufizuara, si dhe inkurajimit të babait për pjesëmarrje të barabartë në kujdesin për rritjen dhe edukimin e fëmijëve të tyre.

Punëtoria e parë e paraparë në kuadër të projektit u mbajt më 30 tetor 2024 në Dellçevë, në të cilën morën pjesë anëtarë të ekipit interdisiplinor të përbërë nga bashkëpunëtorë profesionalë nga shkollat fillore dhe të mesme: përfaqësues nga kopshtet e fëmijëve, nga Qendra për punë sociale, nga Agjencia e Punësimit, nga sektori joqeveritar dhe nga komuna. Do të vijojnë një sërë punëtorish me prindërit e personave me aftësi të kufizuara, me anëtarët e Këshillit për mbrojtjen sociale të komunës, si dhe me sektorin e biznesit. Ky shërbim rregullohet me një rregullore të aplikuar nga Ministria e Punës dhe Politikës Sociale (MPPS), e cila përcakton më afër normativat dhe standardet për ofrimin e shërbimit këshillimore dhe të punës këshillimore-terapeutike. Shërbimi sigurohet në këshillimore dhe mundëson punë grupore dhe individuale me përdoruesit, sipas programit të ofruesit të shërbimit. Pas licencimit të organizatave joqeveritare për zhvillimin e këtij shërbimi, parashihet që nga viti i ardhshëm Komuna e Dellçevës, përveç atyre ekzistuese, të ketë një shërbim të ri social, në kuadër të komponentit Kujdesi në shtëpi, të cilin e siguron përmes dy organizatave joqeveritare.

### "Fol qetë – vepro me zë të lartë", projekt i Komunës së Kumanovës për informim dhe përfshirje më të madhe të personave me aftësi të kufizuara intelektuale në jetën sociale

"Fol qetë – vepro me zë të lartë" është titulli i projektit të cilin e zbaton Komuna e Kumanovës së bashku me Qendrën për rehabilitim dhe riintegrim të personave me aftësi të kufizuara intelektuale mbi moshën 18 vjeçare "Poraka nasha" (Porosia ynë). Shkaku për këtë projekt del nga gjetjet e Raportit nga hartëzimi i zbatuar social në komunë, të cilat treguan përfshirjen e vogël të vajzave/grave me aftësi të kufizuara intelektuale në socializimin e tyre. Qëllimet



се зголеми бројот на девојчиња/жени кориснички на услугите на Центарот „Порака наша" Куманово; да се зголеми видливоста на Центарот за рехабилитација и реинтеграција за лицата со интелектуална попреченост во локалната заедница и повеќе да се користат нејзините услуги; да се обезбеди поголема едукација на родителите на лицата со попреченост, како и на другите релевантни чинители за можностите што ги нуди Центарот и ползата за нив од нивното користење и да се зајакнат капацитетите и професионално да се оспособат девојчиња/жените со попреченост, за нивно вклучување на пазарот на трудот за нивна интеграција во општествениот живот.

Центарот „Порака наша", во текот на 2023 година, доби лиценца за работа согласно со правилниците во Министерството за труд и социјална политика. Според истражувањето, бројот на корисници на услугите, што од минатата година ги нуди Центарот е мал. Корисници на услугите се 16 мажи и 5 жени. Поради нееднаквата партиципација на жените и мажите, утврдена е потреба од воведување активности со кои ќе се мотивираат и ќе се вклучат повеќе жени/девојчиња со интелектуална попреченост во активностите од Центарот, а кои се во насока на градење вештини за полесно наоѓање на работа и поголема интеграција во општеството. Околу 71 %, од лицата со попреченост вклучени во истражувањето, се изјасниле дека се невработени и од нив, само 12,8 % бараат работа, од кои повеќето се мажи. Мал процент, 6,7 % од испитаниците, се запознаени со постоењето на Центарот за рехабилитација и реинтеграција за лицата со интелектуална попреченост. Во таа насока ќе бидат преземени низа активности во кои ќе бидат вклучени овие лица, а во тие активности е и изработката на персонализирани производи (маици, шолји, чаши, торби и слично). За таа намена, во рамките на проектот ќе биде набавена машина за печатење и репроматеријали, а лицата ќе бидат обучени за нејзино користење. Ќе се воспостави поблиска соработка со членовите на локалниот економско-социјален совет, вклучувајќи го бизнис-секторот. Всушност, како резултат од мапирањето, на 15 ноември 2024 година, Социјалниот совет ја одржа втората седница на која ги усвои измените и дополнувањата на Социјалниот план на Општина Куманово за 2023 – 2026 година.

konkrete janë: të rritet numri i vajzave/grave që shfrytëzojnë shërbimet e Qendrës "Poraka nasha" Kumanovë, të rritet dukshmëria e Qendrës për rehabilitim dhe riintegrim të personave me aftësi të kufizuara intelektuale në komunitetin lokal dhe të përdoren më shumë shërbimet e saj, të sigurohet edukim më të madh për prindërit e personave me aftësi të kufizuara, si dhe për palët e tjera të interesuara lidhur me mundësitë që ofron Qendra dhe përfitimet për ta nga përdorimi i tyre dhe të forcohen kapacitetet dhe të aftësohen në mënyrë profesionale vajzat/grat me aftësi të kufizuara për përfshirjen e tyre në tregun e punës për integrimin e tyre në jetën shoqërore.

Gjatë vitit 2023, qendra "Poraka nasha" mori licencën për të punuar në përputhje me rregulloret e Ministrisë së Punës dhe Politikës Sociale. Sipas hulumtimit, numri i përdoruesve të shërbimeve, që nga viti i kaluar i ofron qendra, është i vogël. Përdorues të shërbimeve janë 16 meshkuj dhe 5 femra. Për shkak të pjesëmarrjes së pabarabartë të grave dhe burrave, është konstatuar nevoja e aplikimit të aktiviteteve që do të motivojnë dhe përfshijnë më shumë gra/vajza me aftësi të kufizuara intelektuale në aktivitetet e Qendrës, të cilat janë në drejtim të ndërtimit të aftësive për gjetjen më të lehtë të punës dhe integrim më të madh në shoqëri. Rreth 71% e personave me aftësi të kufizuara të përfshirë në hulumtim kanë deklaruar se janë të papunë dhe prej tyre vetëm 12,8% janë në kërkim të punës, shumica e të cilëve janë meshkuj. Një përqindje e vogël, 6.7% e të anketuarve, janë të informuar lidhur me ekzistencën e Qendrës për rehabilitim dhe riintegrim të personave me aftësi të kufizuara intelektuale. Në atë drejtim do të ndërmerren një sërë aktivitetesh në të cilat do të përfshihen këta persona, e ndër ato aktivitete është prodhimi i produkteve të personalizuara (bluza, filxhanë, gota, çanta e të ngjashme). Për këtë qëllim, në kuadër të projektit do të prokurohet një makinë printimi dhe repromateriale, ndërsa personat do të trajnohen për përdorimin e saj. Do të vendoset një bashkëpunim më i ngushtë me anëtarët e këshillit ekonomiko-social lokal, duke përfshirë edhe sektorin e biznesit. Në fakt, si rezultat i hartëzimit, më 15 nëntor 2024, Këshilli social mbajti seancën e dytë në të cilën miratoi ndryshimet dhe plotësimet e Planit social të Komunës së Kumanovës për periudhën e viteve 2023-2026.

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0)2 30 99 033 | факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. “Копенхагенска” бр. 5, п. фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT:**

tel. +389 (0)2 30 99 033 | faks: +389 (0)2 30 61 994
rr. “Kopenhagenska” nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk